# FOREVER

MACEDONIA

Октомври 2018 | Број 204






## SUCCESS DAY

**20.10.2018**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**























# Градете го балансирано вашиот бизнис

**Форевер не е само бизнис изграден врз идејата да им помагаме на другите да најдат баланс во својот живот, туку и докажува дека хармонијата доведува до големи успеси. Кога во 2011-та ја иницирáвме програмата Менаџер ОРЕЛ, знаевме дека таа треба да им помага на нашите сопственици на бизнис во секој аспект од работата. Требаше да ги насочува да откријат ритам и баланс кои ќе создаваат импулс и генерираат успех.**

Менаџерите ОРЕЛ се доказ дека рамнотежата дава позитивни резултати. Со исполнување на секое од основните барања на програмата, Менаџерите ОРЕЛ постигнуваат баланс кој го движи напред нивниот бизнис. Основните барања се: соберете најмалку 720 бодови, од кои 100 да се НОВИ и лично спонзорирајте и помогнете за развојот на две нови Супервизорски мрежи во квалификациониот период, бидете активни и квалификувајте сè за лидерски бонус секој месец.

**Овие основни барања се изградени врз четирите основни фактори за успех во Форевер: спонзорирање, задржување, развој и продуктивност. Преку нив ние како компанија и секој како индивидуа може да го следиме балансот.**

**Спонзорирањето** го мериме со број на луѓето кои ги вклучувате во Форевер бизнисот со прва порачка. Тоа се мери во барањата за програмата ОРЕЛ со двата Супервизорски тима кои треба да ги развиете.

**Задржување** – како се справувате со него ни покажува бројот на повторни порачки во вашата мрежа. Во програмата ОРЕЛ задржувањето го претставува вкупниот обем од 720 б.

**Продуктивноста** може да ја формулираме како „користете и споделувајте повеќе производи“. Се одредува со делење на вредноста на сите порачки во вашиот бизнис со бројот на луѓето кои порачуваат. Во програмата ОРЕЛ се оценува преку барањето за реализирање на 100 НОВИ бодови во процесот на градење и раст на вашиот бизнис.

**Развојот** е показател колку добро напредува вашиот Форевер тим. Дали вашите соработници се издигнуваат во маркетинг планот и дали реализираат различни програми за стимулирање? Дали создавате ОРЛИ во вашата мрежа?

Како што може да претпоставите, интензивното фокусирање врз еден од овие фактори за успех и пренебрегнувањето на друг, го нарушува балансот во вашиот Форевер бизнис. Еднаквата грижа за секој од нив ќе ви помогне подобро да ја држите под око состојбата на вашиот бизнис и ќе ви понуди нови можности за раст и усовршување.

Ако не сте се квалификувале за Менаџер ОРЕЛ оваа година, не се обесхрабрувајте. Наместо тоа, сериозно размислете кој од четирите основни фактори можете да го подобрите. Што можете да направите за да го вратите балансот во вашиот Форевер бизнис? Нетрпелив сум да ве видам како ќе полетате во височините!

Продолжувајте да се насмевнувате,

Gregg Maughan

**Gregg Maughan**





# Аризона земја на големи идеи

**Уште во 1980 год., само две години по основањето на Форевер, напишав дека среќата не доаѓа од материјални придобивки, убаво време или прекрасен дом.**

Таа е нуспроизвод на нашата услуга на другите човечки суштества. Таа беше годината  кога Форевер за прв пат реализираше обрт од еден милион долари за еден ден! Секој долар беше заработен, служејќи на идејата да им помагаме на луѓето да изгледаат подобро, да се чувствуваат подобро и да ги откриваат можностите за бизнис со Форевер.

Нашите сопственици на бизнис гордо го носат факелот на Форевер веќе 40 години, помагајќи им на сè повеќе луѓе да си го променат животот. Нашиот експлозивен ран раст и континуираниот успех на денешницата се доказ за вашиот ентузијазам и одлучност да им помагате на другите.

Среќата која ја гледам во секој од вас на нашите настани, ме прави горд на сè што постигнавме како Форевер семејство.

Средбата на Менаџерите ОРЕЛ е еден од начините да ве уважиме вас и вашите постигнувања, не само со тоа што ви предлагаме одлични доживувања на убаво место, туку и квалитетни обуки и дружење. Оваа инспирација во комбинација со вашиот труд и здрава работа ќе му помогнат на вашиот Форевер бизнис да полета кон нови висини. За мене е задоволство и со нетрпение ја очекувам средбата на ОРЛИТЕ дома. Ќе уживате во еден од живите и забавни настани на Форевер на местото каде пред 40 години започна сè.

Уште во 1978-та реков дека големината на животот на еден човек, сега и засекогаш, ќе се мери според големината на неговите идеи денес. Мојата идеја се роди точно тука – во убавата пустина Сонорaн во Аризона, и навистина се претвори во нешто големо. Всушност, се претвори



во нешто поголемо, отколку што некогаш сум можел да си претставам. Сега е вашиот момент да откриете каде ќе ве одведат вашите идеи и EMR18 е идеалното место за нивно реализирање.

Со нетрпение чекам да ви посакам добредојде на сите вас дома, во родниот град на Форевер.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

**Нашите сопственици на бизнис гордо го носат факелот на Форевер веќе 40 години, помагајќи им на сè повеќе луѓе да си го променат животот.**

# Forever Immublend
# Форевер имубленд




## ОПИС И СВОЈСТВА

Додаток во исхраната, создаден за целосна поддршка на имунитетот. Секоја состојка во нашата патентирана формула е специјално избрана поради клучната улога која ја има за поддршка на имуните функции. Комбинацијата го потпомага оптималното дејство на биолошките заштитни механизми на телото за да сте витални дури и во ризичните сезони. Меѓу хранливите состојки кои допринесуваат за имунитетот се лактоферин, печурките маитаке и шитаке, витамините C и D, како и цинк за дополнителна заштита. Секоја од овие клучни состојки придонесува на одреден начин за одржување на вашето здравје и виталност.

- **Фруктоолигосахариди** – поддржуваат здраво ниво на пробиотските бактерии во дигестивниот систем.
- **Лактоферин** – соединение кое го поддржува производството на имуни клетки и помага во одржување на оптимални нивоа на корисни бактерии во цревата.
- **Печурки маитаке и шитаке** – го поддржуваат производството на имуни клетки, како и функциите на кардиоваскуларниот систем.
- **Витамин D** – ги зајакнува имуните клетки.
- **Витамин C** – се бори со слободните радикали.
- **Цинк** – се бори со слободните радикали и го поддржува производството на имуни клетки.

Оваа ексклузивна формула ги потпомага сите аспекти од функцијата на имунолошкиот систем, обезбедувајќи ги најважните хранливи состојки за добар имунитет, плус природни билки со синергично дејство.

## СОСТАВ

Патентирана смеса од фруктоолигосахариди, лактоферин, печурки маитаке во прав (Grifola frondolosa), печурки шитаке во прав (Lentinula edodes), екстракт од маитаке (Grifola frondolosa), витамин C, витамин D3 (како холекалциферол), цинк.




## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

По две таблети на ден како додаток на исхраната.

**ВНИМАНИЕ:** консултирајте сѐ со лекар пред употреба на овој додаток на исхрана ако сте бремена, се обидувате да зачнете или доите.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Ги поддржува сите аспекти од функцијата на имунолошкиот систем.
- Обезбедува спектар на хранливи состојки за поддршка на имунитетот.
- Се бори со слободните радикали.



# Побарајте ги успешните и правете го истото како нив

Драги пријатели,

Секој што започнува да гради сопствен бизнис со Форевер воден од желбата да си го промени животот, посакува тоа да се случи колку е можно најбрзо. Мнозина очекуваат да ја откријат формулата која им гарантира успех. Во повеќето случаи ја бараат во книги, статии, публикации, видео и аудио материјали. И колку повеќе читаат, слушаат и гледаат, толку повеќе се збунети која е всушност формулата. Што е потполно разбирливо. Иако мрежниот маркетинг е прост систем кој секој може да го искористи, патот до успехот може да биде индивидуален и различен.

И можеби тука е најпогодниот момент да ве потсетам на еден многу важен и достапен принцип, кој може да ви помогне да ги исполните вашите мечти. А тој го кажува следното:

**„Ако сакате да постигнете нешто поинакво во својот живот, најдете човек кој тоа веќе го постигнал и правете го истото како него. Без компромиси!“**

Не бидете изненадени колку достапни примери имате во непосредната околина, независно дали сте во Бугарија или Македонија.

Ако сонувате да постигнете ниво во бизнисот кое ќе ви обезбеди стабилни пасивни доходи од голема мрежа, обратете се на Цветанка и Емил Бурназки, Златинка и Галин Радеви, Петја Димитрова, Гаља и Милен Царевски, Роза Гелевска, Снежана Контра, Славица Донакова или Вера Златковска и прашајте ги што прават, за да можете и вие да го правите истото како нив. Ако сакате да патувате низ светот и да го возите посакуваниот автомобил, набљудувајте го Димитар Механџиски и правете исто како него. Ако не верувате дека може да успеете бидејќи сте млади, видете како работат Васил Парушев, Катерина Ананиева, Жана и Тодор Токови или Елена Гелевска и повторете го истото. А можеби мечтаете и вие да сте Менаџер ОРЕЛ? Тогаш направете го истото што го направиле Ирена Спасова, Антоанета Василева, Антонија Димитрова, Елка Георгиева, Иглика Величкова, Наталија Врајкова или Жарко Георгиевски.

И не се само тие луѓето кои можат да ви бидат пример. Има уште десетици и стотици помеѓу вас, кои на еден или друг начин си го промениле животот и ако го повторите она што тие го направиле, гарантирано истото ќе се случи и со вас.

Иако секој од нив го постигнал на различен начин, успешните имаат неколку карактеристики кои ги обединуваат и ги направиле такви, какви што многу од вас мечтаат да бидат.

- Ги сакаат производите на компанијата, ги користат постојано и не пропуштаат можност да ги споделат придобивките од нивната употреба со секој околу себе.
- Веруваат во компанијата и во моќта на маркетинг планот на Форевер, секојдневно ги претставуваат можностите за градење на сопствен бизнис на колку може повеќе луѓе кои претходно ги поканиле и селектирале.
- И најважното – никогаш не се откажале од своите соништа независно колку време им било потребно и какви пречки требало да надминат.



***СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ***

Форевер не е шема за брзо збогатување, но е достапна можност за секого да го промени животот и да ги исполни своите соништа, комуницирајќи со многу луѓе. Ден за ден, месец за месец, година за година – без да се откажете!

**ЗБОРУВАЈТЕ СО ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ!**

***Стефан и Тања Стаеви***



# 5 навики за успех

**Успехот во Форевер,** а и воопшто, не е прашање ниту на среќа, ниту на поволно совпаѓање на околностите, уште помалку на случајност. Тој е резултат од постојани и насочени дејства, од многу труд и упорност, од посветеност, трпение и верба.

На различните обуки, лидерите на сцената ја споделуваат својата лична формула за успех. Иако се кажани со различни зборови, сигурно сте забележале дека принципите кои ги поткрепуваат се едни исти. Зошто да откриваме топла вода, кога можеме да ги слушнеме советите на успешните и да си поставиме за цел да ги следиме. На сите кои се спремни тоа да го направат, решивме да им предложиме напатствија од човекот кој сите ние бескрајно го почитуваме за постигнатото во изминатите 40 години – основачот на Форевер, РЕКС МОН.

Еве што споделува тој: ***„Ме прашуваат која е тајната на успехот. Го ценам ова прашање, бидејќи ја покажува желбата да се постигне нешто. Мислам дека веќе знаете дека тајна не постои. Бидејќи успехот се крие зад планини од напорна работа. Нема скратени патишта. Пред нас секогаш се издига уште една височина за искачување, или уште една препрека за надминување.***

***Но во Форевер сепак има формула за успех и јас сум ја поделил на пет дела. Ниту еден од нив нема да ве изненади. Сигурно некои од вас ќе се разочараат што нема волшебно стапче.“***

*Видете ги петте навики кои според Рекс можат да ви помогнат да го искористите целокупниот потенцијал на најдобрата бизнис можност на светот.*

## 1. Користете ги производите.

Ова е една од најважните работи и ја повторуваме бидејќи не треба да ја заборавиме ни за момент. Вие треба да сте си најдобриот клиент – употребувајте колку се може повеќе производи, за да изгледате и да се чувствувате сè подобро. Потоа споделувајте го своето искуство со сите свои познати искрено и со ентузијазам. Докажано е дека човек го продава само тоа што го користи и го има дома. Станете подвижна реклама на производите! Не се ограничувајте само со познатите, бидете љубопитни, експериментирајте со нови, секогаш барајте нови љубимци.




## 2. Изградете си стабилна база од редовни клиенти.

За вашиот бизнис да биде одржлив, вашата база од клиенти, кои купуваат производи од вас секој месец, треба да се состои од најмалку 20 луѓе. Основен бизнис принцип е дека ако имате доволно клиенти, за да продавате на мало 4 б. секој месец, ќе си обезбедите постојан сигурен доход. А ова се постигнува преку перфектно следење и услуга. Одржувајте редовен контакт со вашите клиенти и искрено интересирајте сè за нив. Вие треба да им се јавувате, за да почувствуваат дека се грижите за нив. Прашајте ги дали се задоволни од купениот производ – тоа е нешто кое и најлуксузната и најдобра продавница не може да го направи. Понудете фантастична услуга, обезбедувајќи им брза достава, секогаш оставете им бесплатна мостра за да пробаат нешто ново, обучете ги за производите, информирајте ги за најновите.

 



Сликата покажува постигнувања на сопственици на Форевер бизнис кои се резултат од напорна, посветена и екипна работа. Доходите не се гарантирани и во целост зависат од посветеноста, постојаноста и желбата за личен успех. Ако сакате да научите како и вие можете да заработите со Форевер, видете **www.flp.bg/bg/dohodi.**




### 3. Бидете активни со 4 б. и покажувајте ѝ на вашата група како да го прави истото.

Месечната активност со четири лични бодови секој месец е во основата на маркетинг планот на Форевер. Таа е патот за добивање на бонуси од група за нивоа од Супервизор нагоре и за различните програми за стимулирање – Глобално рели, Chairman's Bonus, Менаџер ОРЕЛ. Се постигнува со најмалку 1 бод од лични купувања и три или повеќе бодови од порачките на вашите нови соработници, пред да се издигнат до ниво Асистент Супервизор. Кога ќе си создадете таква навика, започнете да ги учите и соработниците од вашата екипа како да го прават истото.

### 4. Спонзорирајте секој месец.

Нови соработници во екипата ќе наоѓате само кога разговарате со луѓето за бизнисот. Колку повеќе луѓе, толку поголема е веројатноста да наоѓате квалитетни нови членови на својата екипа. Вие станувате спонзор штом регистрирате нов човек во својата екипа и станувате првиот човек на кого тој ќе се обраќа за прашања поврзани со Форевер, како и за ориентација и поддршка. Вие веќе сте негов ментор и водач. Ако сте позитивни и атрактивни, ако смело комуницирате, ако сте свои, вие природно ќе ги привлекувате луѓето и тие ќе сакаат да работат со вас.

## 5 навики

1. **КОРИСТИ**
2. **СПОДЕЛУВАЈ**
3. **СПОНЗОРИРАЈ**
4. **БИДИ АКТИВЕН со 4 б.**
5. **КВАЛИФИКУВАЈ СЕ**

**Ете, сега сами се уверивте дека тајна нема! Следете ги петте основни принципи бескомпромисно, претворете ги во навики и максимално ќе имате корист од маркетинг планот на Форевер.**

### 5. Трудете сѐ да се квалификувате за секоја програма.

Најважното е да си поставите цели и тоа смели и да се движите кон нив. Дури и да не ги постигнете од првиот обид, ако работите за нивното реализирање, ќе заработите! Програмите за стимулирање на Форевер се создадени за да ве насочуваат во градењето на вашиот бизнис. Различните нивоа во маркетинг планот, Менаџер ОРЕЛ, Глобалното рели, Chairman's Bonus и сите локални програми имаат за цел да ве провоцираат и да го наградат вашиот труд.





# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АВГУСТ 2018 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ



1. Ампова Антонија
2. Тричковска Наталија
3. Тричковска Венка

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Адили Аријете
2. Ајтовска Елена
3. Андреевска Стефани
4. Ангелевска Иванка
5. Ангеловска Силвана
6. Арсова Ивана
7. Аслани Ремзије
8. Бумбароска Маргарита
9. Бурнеска Силвана
10. Величковска Марија
11. Велковска Љупка
12. Весел Фатиме
13. Георгиевски Марјанчо
14. Гиевски Влатко
15. Гоговска Елена
16. Гулабовска Елена
17. Делова Билјана
18. Димитриевска Сара
19. Димитровска Христина
20. Ѓорѓиев Ненад
21. Зарковски Никола
22. Зенкоска Ганимете
23. Ивановски Мирче
24. Јанеска Славица
25. Јонуз Асани Нериса
26. Јусуфи Вала
27. Келешовска Катерина
28. Кочова Магдалена
29. Крстовска Данка
30. Лирије Јаија
31. Манасиевски Јорданка
32. Манева Елизабета
33. Мициќ Елена
34. Михиќ Нурка
35. Милеска Билјана
36. Митковиќ Наташа
37. Муртези Салије
38. Николовска Јадранка
39. Павловска Кристина
40. Петковска Фиданка
41. Петровска Ладева Билјана
42. Ристеска Убавка
43. Семенпеева Танева Катерина
44. Станчева Робертина
45. Станисављевиќ Билјана
46. Станковска Ленче
47. Стојанова Џули
48. Танеска Сузана
49. Тасева Фросина
50. Тодоровска Валентина
51. Толова Билјана
52. Томиќ Илиевска Јелена
53. Тричковски Даниел
54. Цинцовска Кристина

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## SUCCESS DAY

**20.10.2018**
Хотел „Holiday Inn", Скопје
Почеток-11 часот
Ве очекуваме!

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – Прво ниво**




Лулзиме Незири
Емине Зеќири
Сузана Величковски

**Клуб 4 – Второ ниво**




Никола Милошевски
Давид Милановски

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др. Роза Гелевска | 1. Елена Гелевска |
| 2. Вера Златковска | 2. Жарко Георгиевски |
| 3. Елена Гелевска | 3. Вера Златковска |
| 4. Др.Снежана Контра | 4. Стевица Димовска |
| 5. Славица Донакова | 5. Др.Теута Ајети |
| 6. Жарко Георгиевски | 6. Др.Роза Гелевска |
| 7. Катерина Трајчевска | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Блага Крстеска | 8. Венка Тричковска |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Катерина Трајчевска |
| 10. Стевица Димовска | 10. Славица Донакова |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**
бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.